Наде Проева
Филозофски факултет,
Универзитет „Св Кирил и Методиј“
Скопје

**УДК:93-05 Карлије, П.**

# ИСТОРИСКИОТ МЕТОД НА ПРОФ. ПЈЕР КАРЛИЕ, МИКЕНОЛОГ И ИСТОРИЧАР НА IV ВЕК СТ.Е.

Неодамна, на 25 јули 2011 год., од нашиов свет и од неговиот дом во Везине – Париз, на неполни 62 години (роден на 31 јануари 1949 г. во Париз), после долгата и тешка борба од неизлечивата болест со која храбро и достоинствено се соочи, тивко си замина универзитетскиот професор, научник и ерудит Пјер Карлие. Беше бескрајно љубопитен и со огромен интелектуален елан што го тераше неуморно да истражува теми со временски расчекор од речиси 3 милениуми: од критско-микенскиот период се до немирниот IV век ст. е. кога Македонците, решавајќи го вековниот судир со Хелените, ја оцртуваа иднината не само на јужниот Балкан туку на целото источно Средоземје. И затоа не е необично што по објавувањето на неговата докторска дисертација одбранета во мај 1982 год., неговата прва книга, насловена *Демостен*,[1] се однесува главно на првата половина на IV век ст. е. На прв поглед насловот може да залаже зошто не соодветствува сосема на содржината. Имено авторот ги анализира односите меѓу Македонија и Хелените преку дејноста на Филип II (кој не само што конечно го оневозможува мешањето на Хелените во внатрешните работи на Македонија, туку им ја одзема водечката улога во источното Средоземје); и онаа на Демостен кој е интелектуално образуван говорник но на историски, а не на филозофски текстови, што го прави политичар од посебен ков. Оригиналноста на оваа книга, заснована на литерарни извори е во строго историскиот пристап на авторот. Наместо дотогашното толкување за дејноста на Демостен првенствено како говорник и (локал) патриот, кој во првата фаза се залагал за офанзивна надворешна политика, за обнова на атинската хегемо-

---

[1] Веднаш по излегувањето од печат книгата е преведена на македонски како прва книга во збирката *Historia Antiqua Macedonica* (Скопје, 1994), и на италијански (SEI, Turin, 1994), а во 2006 е преобјавена со поправки и дополнувања од авторот.

нија затскриена зад паролата за одбрана на демократијата во хеленските полиси, несфаќајќи или несакајќи да прифати дека полисното уредување е веќе надминат облик на политичко дејствување, Карлие дава продлабочена анализа на втората фаза од неговата дејност дефинирајќи го како еден од првите теоретичари на меѓународните односи, како луциден политичар и реален проценувач на ситуацијата кој по битката кај Хајронеја сфатил дека отворен и жесток отпор кон Македонија би бил погубен за Атина и почнал да пропагира дипломатија и дискретен отпор што од неговите современици, но и од модерните историчарите, било сфатено како малодушност, хипокризија, дури и предавство заради поткупливост.

И втората книга на П. Карлие со „биографски" наслов *Хомер*[2] воопшто не е биографско дело, како што на прв поглед може да се помисли, туку продлабочена анализа на претхеленската цивилизација и историјата од микенското до архајско време т.н. Хомерово време и на поемите како историски извор зашто како што вели авторот: *да се зборува за Хомер значи да се зборува за поемите, и само за поемите.* Карлие укажува на постарата источна епика и на веројатноста, моделот на една претходна војна, опеана во делумно зачуваната староисточна епика, да е преземен од Микенците во текот на нивните бројни пљачкашки походи на Истокот за што сведочат како хетските текстови така и етниконите на работничките набележени на плочките од Пилос. Него, како историчар на прво место го интересира историчноста на поемите т.е. колку може да се користат како историски извор за толкување на историскиот настан, односно врската меѓу поемите и сложените историски процеси во тоа време, а многу помалку прашањето за авторството за што во поемите нема никакви показатели. И во оваа книга историчарот Карлие го става својот личен белег со споредување на светот на Хомер како со источните цивилизации така и со постхомеровото хеленско општество што многу ретко се прави и за многу хеленисти, заробени во нивниот хеленоцентричен светоглед, претставува ерес. Споредувајќи го светот на Хомер со цивилизациите на Блискиот Исток, во прв ред со Хетите (во чии документи често се споменува Ахијава), Карлие ги открива врските и влијанијата на овие два света ставајќи ги така во нивниот природен контекст. Согласно на ова свое убедување, организирајќи го меѓународниот микенолошки колоквиум во Париз, 2010-та, проф. Карлие воведе секција за дворскиот систем на Блискот Исток и Егејот.

[2] *Homère*, Paris, Fayard, 1999, 416 p.; преведена на грчки (Pataki) 2005; шпански (Akal) 2005; а во тек е превод на португалски и турски.

Но научникот Пјер Карлие во науката влезе на голема врата, со неговата докторска дисертација за најраното кралско уредување во источното Средоземје[3] најавувајќи го не само својот интердисциплинарен пристап: исцрпна, систематска и компаративна анализа на сите видови извори што беше негово научно кредо, туку и хронолошката рамка на неговиот научен интерес. За жал прераната смрт го спречи да го дополни и преобјави ова негово капитално дело како и да го заокружи пресвртниот IV век со делото за Аристотел што го подготвуваше. Неговата синтеза за историјата на IV век ст.е.[4] што му беше „втора љубов“ во науката, е незаобиколна лектира не само за студентите туку и за историчарите, и досега е преведена на романски и на новогрчки јазик.

Приодот на Карлие кон темите е современ со што ги прави достапни и за најшироката публика, овозможувајќи ѝ да ги разбере сложените процеси од далечното античко време. Така, пред да ги анализира сложените односи на атинскиот полис со македонското кралство во првата половина на IV век ст.е. Карлие на многу јасен и концизен начин ја прикажува атинската демократија споредувајќи ја со западните демократии; обидот за обнова на атинската (империјалистичка) хегемонија луцидно го формулира со слоганот „*Демократи од сите земји обединете се*“, а неприфаќањето на таквата политика од народот, го објаснува како „*пост-империјалистички комплекс*“. И не е чудно што неговата анализа на политичката ситуација и на дејноста на Демостен предизвика огормен интерес не само кај историчарите туку и кај политичарите, како што се Ф. Леотар и Х. Кисинџер (историчар по образование) од кого доби честитка за оваа книга, што во 1991 год. беше наградена од Француската академија на науките. По повод промоцијата на македонското издание на *Демостен*, проф. Карлие по втор пат ја посети Македонија и одржа две предавања: едно за студентите на Филозофскиот факултет, и едно за широка публика во Францускиот културен центар, на двете предавања присуствуваше првиот француски амбасадор во Р. Македонија, г-дин Патрик Крисман. Првиот негов престој во Македонија беше во 1985-та на микенолошкиот конгрес во Охрид, кадешто првпат се сретнавме, додека нашата интелектуална средба беше преку мојот приказ на неговата штотуку објавена книга за кралското уредување.[5]

---

[3] *La Royauté en Grèce avant Alexandre.* AECR, Strasbourg, 1984, XIV+ 562 p.

[4] *Le IVème siècle grec jusqu'à la mort d'Alexandre, Nouvelle histoire de l'Antiquité*, t.3, Points-Seuil, 1995, 360 p.; преведена на романски (Teora) 1998) и на грчки (Metaichmio 2005).

[5] *Жива Антика* XXXV, Скопје 1984, стр. 160–164.

Неговото интердисциплинарно образование: политички науки и класична филологија, му овозможуваше да ги толкува не само голите факти туку и институциите и општествените процеси и со непогрешлива точност да прави јасни синтези како за историските периоди богати со извори, тоа е IV век ст.е., така и за сиромашните, каков што е преодот од микенско во класично време. За разлика од повеќето класични филолози штедро ги користеше материјалните извори зашто го сфаќаше нивното непроценливо значење за изучување на античкиот период во целина, а особено за тнр. Темен век (*Ages sombre*), та неуморно ги посетуваше археолошките локалитети, а повеќепати присуствуваше на ископувањата учејќи го така археолошкиот методот на работа. И затоа со право може да се рече дека беше најголемиот жив историчар – специјалист за микенскиот, особено за постмикенскиот период.

Од Париз, каде што П. Карлие беше роден и школуван, животниот пат го водеше во Стразбург (во 1972 г. асистент, а од 1982 г. предавач за историја на стара Грција) каде што во 1982 год. ја одбрани докторската дисертација за кралското уредување, објавена само 2 години потоа; преку Нанси, каде од 1985 беше професор за историја на стара Грција и ја водеше меѓународната соработка на Универзитетот, за во 1997 год. да се врати во Париз како професор во Нантер (Paris X) и раководител на одделението за Историја и на постдипломските антички студии. И покрај тешката болест до последниот ден ги држеше своите предавања, зошто младешкиот ентузијазам и лик, го зачува се до крајот на својот живот.

Проф. Пјер Карлие беше човек со високи морални вредности и интелектуална чесност, од кого зрачеше огромна топлина, и непосредност каква што ретко се среќава кај научници од таков калибар. Никогаш не го штедеше своето време за разговор со колегите, секогаш подготвен да го сподели своето знаење особено со помладите на кои несебично им помагаше не само на стручен план туку и практично – во секојдневните животни (не)прилики. Не можам, а да не ја споменам неговата грижа за студентите што ги испраќав во Париз без оглед што не специјализираа во неговата област. Извонредни, и на глас беа неговата несебичност, дарежливост и широкоградост: така во 2002 за време на престојот во Франција, во рамките на меѓународниот студентски проект *Историјата видена со очите на другиот*, што заедно го раководевме, сите македонски учесници со дел од француските студенти, на свој трошок ги носеше на работен ручек. Во рамките на истиот проект следната, 2003 година по трет, и последен пат престојуваше во Македонија. Секоја средба што најчесто ја закажувавме во прекрасната библиотека на „неговата Школа" (Ecole Nationale

Superire, каде во 1971 год. дипломираше, а од 1996 год. воведе курс за микенска епиграфика), а каде јас го поминував најголемиот дел од времето во текот на моите студиски престои, продолжуваше со долги разговори во некој од блиските ресторани.

Беше неуморен и страствен истражувач со искричав дух, но исто толку страствен вљубеник во животот, со неисцрпна животна радост и дискретен шарм што беа заразни за околината. Неговата животна радост не потклекна ни пред тешката болест: во октомври 2008-та, за неколку денови ја одложи тешката терапија, услогласувајќи ја со моето доаѓање за симпозиумот во Гренобл, што беше наша последна интелектуална и пријателска средба.

Со неговото заминување многумина од нас што имавме среќа да го познаваме одблиску, остануваме емотивно и интелектуално осиромашени. Но делата што ни ги остави, не само нам, неговите современици, туку и идните генерации историчари, кои преку нив ќе учат од него, постојано ќе не посетуват на ЧОВЕКОТ со отворен и широк дух и на исклучителниот научник, професорот Пјер Карлие.

## БИБЛИОГРАФИЈА НА ПРОФ. PIERRE CARLIER

**Докторат**

*La Royauté en Grèce avant Alexandre.* AECR, Strasbourg, 1984, XIV+562 p.; (diffusion De Boccard)

**Книги**

*Démosthène*, Paris, Fayard, 1990, 384p.; *Démosthène*, 2006[2], поправена и дополнета; (SEI, Turin, 1994 ) превод на италијански; (Скопје, 1994) превод на македонски јазик.

*Le IVème siècle grec jusqu' à la mort d'Alexandre, Nouvelle histoire de l'Antiquité*, t. 3, Points-Seuil, 1995, 360 p.; (Teora 1998) превод на романски; (Metaichmio 2005), превод на новогрчки јазик.

*Homère*, Paris, Fayard, 1999, 416 p.; (Pataki) 2005; превод на новогрчки; (Akal) 2005, превод на шпански

Вовед на новиот превод на двата говори на DéMOSTHèNE, *Philippiques, Sur la Couronne* и на ESCHINE, *Contre Ctésiphon*, Garnier-Flammarion, 2000, pp. 1–85.

**Уредник на зборници од колоквиуми:**

*Le IVème siècle avant Jésus-Christ: approches historiographiques*, Actes du colloque international, Nancy, 28-30 септември 1994, ADRA-De Boccard, 1996, 386 p., 12 табли.

*Journées égéennes*, Actes du colloque international, Nanterre, 8–10 март 1999*, Ktèma* 26 (2001), pp. 5–159.

**Научни статии:**

"La vie politique à Sparte à l'époque de Cléomène 1er", *Ktèma* 2, 1977, 65–84.

"L' idée de monarchie impériale dans la *Cyropédie* de Xénophon", *Ktèma* 3, 1978, pp. 129–158.

Édition de quatre papyrus ptolémaïques dans la collection des *Papyrus de la BNU de Strasbourg* dirigée par J. SCHWARTZ (1977: n° 645, 64–66; 1978: n° 662 pp. 95–98; 1979: n° 681 p. 131; 1980 : n° 701, pp. 5–6).

"Étude sur la prétendue *Lettre* d'Aristote à Alexandre transmise par plusieurs manuscrits arabes", *Ktèma* 5, 1980, pp. 277–288.

"La femme dans la société mycénienne d'après les tablettes en linéaire B", *La femme dans les sociétés antiques*, Strasbourg, 1982, pp. 9–32.

"Regalità micenee e regalità doriche", *Le origini dei Greci. Micenei e Dori*, D. MUSTI éd., Rome-Bari, 1985, pp. 329–333.

" Épigraphie minoenne et mycénienne", *Guide de l'épigraphiste*, Presses de l'ENS, 1986, pp. 227–231 (повеќепати преобјавена со дополнувања).

"Palais et sanctuaires mycéniens", Actes du colloque de Strasbourg sur *Le système palatial*, Leyde, Brill, pp. 255–282.

"A propos des *te-re-ta* ", *Tractata Mycenaea*, Actes du VIIIème colloque d'études mycéniennes, Skopje, 1987, pp. 65–73.

"Les royautés illyriennes", *L'Épire et l'Illyrie méridionale dans l'Antiquité*, Actes du 1er colloque international de Clermont-Ferrand, P. CABANES éd., 1988, pp. 39–46.

"L'étranger dans les royaumes mycéniens" *L'étranger dans le monde grec* I, R. LONIS éd., Nancy, 1988, pp. 7–21.

"La double face du pouvoir royal dans le monde mycénien", *Du pouvoir dans l'Antiquité: mots et réalités, Cahiers du Centre Glotz* I. C. NICOLET éd., Paris-Genève, 1990, pp. 37–52.

"La procédure de décision politique de l'époque mycénienne à l'époque archaïque", *La transizione dal miceneo all'alto arcaismo,* Rome, 1991, pp. 85–95.

"Eubule diplomate", *Mélanges Pierre CHARNEUX*, Nancy, 1991, pp. 29–34.

"A propos des *nothoi*", *L'étranger dans le monde grec*, II, R. LONIS éd., Nancy, 1992, pp. 105–125.

"Les collecteurs mycéniens sont-ils des fermiers?", *Mykenaïka,* Actes du IXème colloque international sur les textes mycéniens et égéens (Athènes, 2-7 октомври 1990), *BCH* supplément XXV, 1992, pp. 159–166.

"La notion de *pambasileia* dans la pensée politique d'Aristote", *Aristote et Athènes*, M. PIÉRART éd., Fribourg-Paris, 1993, pp. 103–118.

"Démosthène par lui-même", *L'invention de l'autobiographie d'Hésiode à Saint Augustin*, Presses de l'ENS, Paris, 1993, pp. 47–56.

"Histoire et institutions du monde mycénien", *Les Mycéniens, тематски број на Dossiers de l'archéologie*, јули-август 1994, pp. 34–49.

"Les Inférieurs et la politique extérieure de Sparte", *Mélanges Pierre Lévêque*, VIII, Besançon-Paris, 1994, pp. 25–41.

"*Qa-si-re-we* et *qa-si-re-wi-ja*", Actes de la 5ème Rencontre égéenne internationale (Heidelberg, 10-13 април 1994)), *Aegaeum* X, 1995, pp. 355–366.

"Gli *ὑπομείονες* a Sparta", *Quaderni dell'Istituto di archeologia e di storia antica dell'Università di Chieti*, 5, 1995, pp. 27–31.

"Les artisans *wa-na-ka-te-ro*", *Atti e memorie del Secondo Congresso Internazionale di micenologia*, Rome-Naples, 1996, pp. 569–580.

"A propos de Chéronée", *Le IVème siècle avant J.-C.: approches historiographiques*, Nancy, 1996, pp. 111–120.

"Omero - La regalità; i beni di prestigio", *I Greci* II, 1, Turin, Einaudi, 1996, pp. 255–294.

"Les *basileis* homériques sont-ils des rois?", *Mélanges Edmond Frézouls*, *Ktèma* 21, 1996 (1998), pp. 5–22.

"Observations sur la décision politique en Grèce, de l'époque mycénienne à l'époque archaïque", *Politische Theorie und Praxis im Altertum,* W SCHULLER éd., Darmstadt, 1998, pp. 1–18.

"*Wa-na-ka* derechef. Nouvelles réflexions sur les royautés mycéniennes", *BCH* 122, 1998, pp. 411–415.

"Les relations de parenté dans les archives mycéniennes", *Floreant Studia Mycenaea,* Actes du Xème colloque d'études mycéniennes, Vienne 1999, pp. 185–193.

"Observations sur l'histoire de la Grèce égéenne au début de l'âge du fer", *Magna Grecia e Oriente mediterraneo prima dell'età ellenistica, Atti del 39. Convegno di Taranto*, Tarente, 1999, pp. 39 - 61.

"Guerre et paix dans les discours et l'action politiques de Démosthène", *Armées et sociétés dans la Grèce classique,* F. Prost éd., Paris, 1999, 89–107.

"Les marques écrites chez Homère", *Administrative Documents in the Aegean and their Near Eastern Counterparts*, M. PERNA éd., Naples, 2000, pp. 309–314.

"Les *basileis* homériques sont vraiment des rois", *Majestas* 8/9, 2000/2001, pp. 5–22.

"Observations sur les institutions thessaliennes", *Poikilia*, *Mélanges* CATAUDELLA, Florence, 2001, pp. 249–261.

"Homeric and Macedonian Kingship", *Alternatives to Athens*, Oxford, 2001, pp. 259–268.

" À propos de Pénélope", *Mélanges* Edmond LÉVY, *Ktèma* 27, 2002, pp. 283–291.

"Avant-propos" aux Actes du colloque de Cerisy-la-Salle *Argumentation et discours politique*, Rennes, 2003, pp. 11–15.

"Regalità omeriche e regalità greche dell'alto arcaismo", *Storiografia e regalità nel mondo greco,* éd. E. LUPPINO-MANES, Alessandria, 2004, 13–29.

"La nozione di ajrchv nella *Politica* di Aristotele", *Poleis e politeiai. Esperienze politiche, tradizioni letterarie, progetti costituzionali, Atti del convegno internazionale di Torino*, a cura di S. CATALDI, Alessandria, 2004, pp. 393–401.

"Cleomene I, re di Sparta", *Contro le 'leggi immutabili'. Gli Spartani fra tradizione e innovazione,* a cura di C. BEARZOT & F. LANDUCCI, *Contributi di storia antica* 2, Milan, 2004, pp. 33–52.

"Les rois d'Athènes. Étude sur la tradition", *Teseo e Romolo. Le origini di Atene e Roma a confronto*, *Atti del Convegno internazionale di Atene* a cura di E. GRECO, *Tripodes* 1, Scuola Archeologica Italiana di Atene, Athènes, 2005, pp. 125–141.

"Le prince héritier à Sparte", *DIADOCOS THS BASILEIAS. La figura del sucesor en la realeza helenistica,* V. ALONSO TRONCOSO ed., *Geriòn Anejo IX*, Madrid 2005, pp. 21–28.

"Démocratie et oligarchie dans la *Politique* d'Aristote. Quelques observations.", *Democrazia e antidemocrazia nel mondo greco. Atti del Convegno Internazionale di Chieti*, a cura di U. BULTRIGHINI, Alessandria 2005, pp. 263–273.

"Les historiens et le monde mycénien avant et après le déchiffrement du linéaire B. Quelques observations", *Mythos. La préhistoire égéenne du XIXème au XXIème siècle après J.-C., Actes de la table ronde internati-*

*onale d'Athènes* éds. P. DARCQUE, M. FOTIADIS & O. POLYCHRONOPOULOU, *BCH Supplément* 46, 2006, pp. 291–300.

"La cosidetta feudalità micenea da Palmer a oggi", *Gli storici e la lineare B cinquant'anni dopo. Atti del Convegno internazionale di Firenze*, a cura di M. R. Cataudella, A. Greco & G. Mariotta, Padoue 2006, pp. 1–15.

"À propos de la bureaucratie mycénienne", *Fiscality in Mycenaean and Near Eastern Archives, Proceedings of the Conference held at Naples*, a cura di M. PERNA*, Studi egei e vicinorientali* 3, Naples 2006, pp. 25–30.

"Anax and basileus" in the Homeric poems", *Ancient Greece from the Mycenaean palaces to the Age of Homer* eds S. DEGER - JALKOTZY & I. LEMOS, *Edinburgh Leventis Studies* 3, 2006, pp. 101–110.

"L'età delle migrazioni nelle tradizioni greche", *Le vie della storia. Migrazioni di popoli, viagg i di individui, circolazione di idee nel Mediterraneo antico, Atti del II Incontro Internazionale di Storia Antica*, a cura di M.-G. ANGELI BERTINELLi & A. DONATI, Rome, 2006, pp. 29–35.

"Nouvelles remarques sur la dyarchie spartiate", *The Contribution of ancient Sparta to political Thought and Practice,* Actes du colloque de Sparte des 26-29 август 2002, N. BIRGALIAS, K. BURASELIS & P. CARTLEDGE éds., Athènes, 2007, pp. 49–61.

"Villages, cités et royaumes de l'époque mycénienne à l'époque classique", *Regalità e forme di potere nel Mediterraneo antico*, Actes du colloque de Padoue des 6-7 февруари 2004, организиран од P. SCARPI & M. TORELLI, Padoue, 2007, pp. 91–104.

"Are the Homeric *basileis* '*big men*'?", *Epos. Reconsidering Greek Epics & Bronze Age Archaeology,* Actes du colloque, Los Angeles, април 2006, организиран од S. MORRIS & R. LAFFINEUR, *Aegaeum* 28, Liège 2007, pp. 121–128.

"Réflexions sur les relations internationales dans le monde mycénien: y -a-t-il eu des hégémonies?", *Colloquium Romanum,* Actes du XIIème colloque international sur les textes mycéniens, Rome- Pise, 2008, pp. 121–130.

"À propos d' un inventaire des cités grecques", *REG* 121 (2008), pp. 393–398.

**Во печат:**

"Greeek forms of Kingship" in *Concepts of kingship in Antiquity*, Actes du colloque, Padoue, декември 2007

"La guerre de Troie et les historiens", *Mélanges* Michel Woronoff, II.

**Енциклопедиски одредници и статии за широка публика:**

"*Basileus"*, *Der neue Pauly*, t. 2, 1997, col. 462–469.

Библиографски белешки за Edouard Will, John Chadwick & Michel Lejeune, in *Universalia*

"Doriens", "Sociétés homériques", *Encyclopaedia Universalis,* 2003.

"Tyrannie grecque", *Encyclopaedia Universalis,* 2003.

Η ΠΟΛΙΤΙΚΗ ΖΩΗ ΣΤΗΝ ΣΠΑΡΤΗ, ΙΣΤΟΡΙΚΑ, Athenes, декември 2000, pp. 14–21.

"Aristote", *Dictionnaire Alexandre le Grand*, Robert Laffont, 2004, pp. 554–559.

"Démosthène", *Dictionnaire Alexandre le Grand*, Robert Laffont, 2004, pp. 668–673.

**Во печат:**

"Les structures politiques et sociales des royaumes mycéniens", 50 страни на италијански јазик, *Manuale di micenologia* Naples (координатор M. PERNA).



Сл. 1 – Сеќавање на проф. Пјер Карлие со студентите по историја на Филозофскиот факултет во Скопје
Fig. 1. La réunion des étudiants, à la mémoire du Prof. Pierre Carlier


RÉSUMÉ

*L'approche historique du prof. Pierre* ***CARLIER,*** *mycénologue et historien du IVe siècle av. n. ère.*

Vaincu par une maladie incurable, notre collègue et ami le Prof. Pierre Carlier nous a quitté le 25 juillet 2011, à l'âge de soixante-deux ans, dans sa demeure à Vésinet. Il était un intellectuel très curieux et un chercheur passionné avec un appétit insatiable. Sa curiosité l'avait poussé à mener des recherches sur une fourchette chronologique de 3 millénaires: de l'âge de Bronze (le monde mycénien) en passant par la période de transition entre Bronze et Fer à l'époque archaïque et franchisant au IV siècle av. n. ère. Et il n'est pas étonnant que son premier livre après sa thèse soutenue en 1982 à Strasbourg porte sur *Démosthène*, qui est un des orateurs les plus étudiés. Mais l'approche du Prof. Carlier est différente et novatrice : notamment son analyse ne porte pas sur Démosthène l'orateur mais sur Démosthène l'homme politique, ce qui a suscité l'intérêt non seulement des historiens mais aussi celui des politiciens parmi lesquels Henry Kissinger, historien de formation, qui lui avait transmis alors ses félicitations par écrit. Un autre livre dont le titre paraît au prime abord biographique, *Homère,* est en fait une analyse approfondie des royautés homériques et de la valeur de l'épopée pour l'historien. Il s'agit d'une lecture indispensable pour les étudiants et pour les chercheurs. Sa touche personnelle consiste en une comparaison de la société homérique avec celle du Proche Orient ainsi qu'une analyse de leurs rapports. Réflexion que les hellénistes enfermés dans leur conception hellénocentrique négligent et perçoivent presque comme une hérésie. Conformément à cette conception et à sa démarche comparée des sociétés mycéniennes et orientales, il avait ajouté une section sur les systèmes palatiaux de l'âge du Bronze lors du colloque des études mycéniennes de Paris en 2010. Le chercheur Pierre Carlier s'est illustré dans le monde scientifique grâce à sa thèse d'Etat sur la royauté mycéniennes et royaumes archaïques avant la royauté d'Alexandre (publiée en 1984), dont il prévoyait une nouvelle édition. Avec cette thèse, il a fait connaître son approche interdisciplinaire qui consiste en l'analyse de différentes sources. Ayant perçu l'importance des sources archéologiques, il a sillonné un grand nombre de sites archéologiques du monde antique. Sans hésitation, on peut dire qu'il était un des plus grands mycénologues,

étant à la fois spécialiste de l'épigraphie mycénienne et historien du monde mycénien. Il était également interdisciplinaire dans son éducation : agrégé de Lettres classiques, 1971, il a fait des études en droit public à l'Institut d'Etudes Politiques. Cette double formation lui a permis d'interpréter les institutions et les situations politiques avec davantage précision et de clarté.

En même temps il était un professeur exceptionnel, ouvert d'esprit et loin de tout conformisme, en un mot, un professeur très tolérant et non despotique. Doté de ces qualités humaines remarquables, il était toujours prêt à aider ses jeunes collègues lorsque ceux-ci avaient des problèmes tant professionnels que personnels. Sa générosité était réputée. Mes étudiants ont bénéficié de son aide pendant leurs années de spécialisation à Paris. Peu lui importait que ces étudiants ne fussent pas dans son propre domaine de recherches. Il a commencé sa carrière universitaire comme assistant d'histoire grecque à Strasbourg II, puis a été nommé professeur à Nancy en 1985. De retour dans sa ville natale, Paris, il a assuré l'ensemble de ses cours de 1997 jusqu'au derniers jours de sa vie à l'Université Paris X - Nanterre tout en assurant la direction du Département d'Histoire ainsi que la responsabilité du DEA d'Antiquité classique. Professeur à Nancy à partir de 1994, il avait organisé un colloque sur IV siècle av. n. ère dont un recueil est issu en 1996. Cependant, il n'a pas eu le temps de faire le point sur son deuxième champ de recherches et d'achever le livre sur *Aristote* sur lequel il travaillait.

L'homme Pierre Carlier était d'une honnêteté intellectuelle sans aucune tache et d'une élégance morale dont il nous enveloppait. Il faisait partageait sans mesure ses savoirs avec ses collègues et plus encore son amitié. Animé d'un esprit vif et très ouvert, d'une personnalité chaleureuse et séduisante, c'était un homme souriant avec un sens d'humour plein de finesse et de lucidité. Il communiquait un dynamisme et un enthousiasme juvénile. En un mot c'était un savant amoureux de la vie. Chacune de nos rencontres, le plus souvent convenues dans la splendide bibliothèque de « son école » (Ecole Nationale Supérieure), où il avait inauguré un séminaire d'épigraphie mycénienne en 1996 et dans laquelle j'avoue avoir passé tout mon temps pendant mes séjours d'études à Paris, se terminait toujours par des longues conversations autour d'un menu «gourmand» dans un des restaurants voisins. La dureté de sa maladie, qu'il a affronté avec dignité, n'a pas fait s'écrouler son inlassable joie de vivre, notamment en octobre 2008, lorsqu'il a repoussé de quelques jours sa lourde thérapie pour être disponible lors de ma venue. Ce fut notre dernière rencontre intellectuelle et gourmande. Notre première rencontre avait eu lieu pendant le VIIIème colloque sur mycénologie tenu à Ohrid en 1985, mais je le connaissais déjà par son travail puisque j'avais écrit un compte rendu de son livre sur la royauté pour notre revue - l'Antiquité Vivante (Živa Antika). A notre seconde rencontre en Macédoine, pour la promotion de la traduction en macédonien de son *Démosthène*, il a donné deux conférences à Skopje (une pour mes étudiants et une autre pour le public du Centre culturel français). Pour sa troisième et dernière venue en Macédoine, en 2003, nous l'avons accueilli avec une partie de ses étudiants dans le cadre du projet international «L'histoire vue par les yeux des autres».

Après sa mort, nous tous, qui avons eu la chance de le connaître et le bonheur de compter parmi ses amis, sommes restés appauvris de son savoir, de son érudition et surtout de son affection. Notre seule consolation est le refuge que nous trouvons dans son œuvre, de nous en abreuver et nous inspirer de ses idées. Avec son vaste travail universitaire, il laisse une empreinte profonde dans le domaine des recherches sur l'Antiquité.